Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на ден од дневни настани 29.12.2024

Денеска (29.12) во 05.55 во СВР Скопје било пријавено дека на улицата „Ацо Шопов" во Скопје, патничко возило „Рексон" , сопственост на МВР на РСМ, управувано од В.П.(26) од Скопје имало сообраќајна незгода. Во несреќата со телесни повреди се здобиле возачот и неговите двајца сопатници А.В.(30) од с.Инџиково, скопско и А.Х.(23) од Скопје, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 28.12.2024 година во 22.25 часот во СВР Скопје било пријавено дека на булеварот „Александар Македонски'' во Скопје, патничко возило „Хонда" со кумановски регистарски ознаки, управувано од Ф.Б.(28) од село Лопате, кумановско, удрило во 15-годишна малолетничка од Скопје. Во несреќата таа се здобила со тешки телесни повреди констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 28.12.2024 година во 07.40 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Ш.Р.(32) и С.Г.(48) двајцата од Скопје поради тоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 28.12.2024 година во 13.40 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле С.К.(29) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени пиротехнички средства. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 28.12.2024 година во 11.00 часот во ОВР Прилеп, Н. В.од Прилеп пријавил дека на улицата „Беровска" во Прилеп бил физички нападнат од повеќе лица кои му нанеле повреди. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 27.12.2024 година во СВР Скопје, М.П.(22) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 22.05 часот на подрачјето на Центар, група малолетници фрлале пиротехнички средства и истите оштетиле патничко возило „Шкода" со скопски регистарски ознаки, во сопственост на правен субјект од нас.Илинден, скопско. Се работи на расчистување на настанот.

Денеска (29.12.) во 00.50 часот во Полициска станица Велес, Т.Ф.(32) вработена во Центарот за социјални работи Велес, пријавила дека А.М.М.(16) се оддалечила од домот во Велес каде била сместена во згрижувачко семејство. Според пријавеното, малолетничката се јавила и кажала дека се наоѓала во Велес, но не сакала да се врати во домот. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 28.12.2024 година во ОВР Гостивар во 22.10 часот, Ѓ.С. од Гостивар пријавил дека на улица „Илинденска" во Гостивар М.Д. од Гостивар физички го нападнал неговиот малолетен син. Се преземаат мерки за расчистување и документирање на случајот, по што ќе следува соодветен поднесок.

На 28.12.2024 година во 13,45 часот во СВР Тетово, 41- годишна жена од Тетово пријавила дека нејзиниот поранешен сопруг Ј.И. (44) од Тетово, по претходно недоразбирање околу посета со неговата малолетна ќерка, агресивно се однедувал кон нив и им се заканувал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.12.2024 година во 19.45 часот во Полициската станица Центар, Р.Д.(31) од село Челопеци, кичевско, пријавила дека на улицата „Св.Кирил и Методиј" во Скопје била касната од куче скитник.

На 28.12.2024 година во 22.00 часот во Полициската станица Аеродром, А.С.(20) од Скопје пријавила дека на булеварот „Јане Сандански" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 28.12.2024 година во 23.40 часот во СВР Штип, Б.А.А.(39) од Пробиштип пријавила дека пред угостителски објект во Штип, нејзиниот син бил каснат од куче скитник.

На 28.12.2024 година во 18.40 часот во Полициска станица Велес, Б.Ј.(58) од Велес пријавил дека на улица „Лазо Осмаков" во Велес, бил каснат од куче скитник.

На 28.12.2024 година во 13.15 часот во Скопје, на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.К. (36) од Скопје. Лицето е лишено по претходна пријава од истиот ден според која А.К. пред трговски објект на подрачјето на Кисела Вода физички го нападнал В.Д.(46) од Скопје, и упатувал закани по живот од сопственикот и вработените во објектот. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 28.12.2024 година во 13.10 часот во СВР Скопје, Д.Б.(36) од село Чучер – Сандево, скопско, пријавил дека околу 13.00 часот додека се движел со неговото патничко возило „Фолксваген голф" на подрачјето на Чаир, паднало зрно од огнено оружје и му го оштетило возилото. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 28.12.2024 година околу 10.50 часот полициски службенци од Полициската станица за гранични проверки и граничен надзор Богородица, во товарно возило со полиприколка, со скопски регистарски ознаки, сопственост на правен субјект од Скопје, управувано од Б.А.(49) од Скопје биле пронајдени пет лица од Сирија и едно лице – турски курд. Исто така, во друго товарно возило со полуприколка, со српски национални ознаки, управувано од П.Н.(41) од Република Србија, сопственост на правен субјект од Република Србија, биле пронајдени четири лица од Сирија. Мигрантите се предадени во Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија за понатамошна постапка, и се работи на расчистување на случајот.

На ден 28.12.2024 година полициски службеници од ОВР Прилеп при СВР Битола со судска наредба извршиле претрес во домот на Б. Ш.(27) од Прилеп. При претресот пронајдени биле 3.460 парчиња пиротехника. По документирање на настанот против истиот ќе следува соодветна пријава.

На 28.12.2024 година во 09.30 часот полициски службеници од ОВР Прилеп на улицата „Методија Шаторов Шарло" пред маркет го лишиле од слобода М.Ф.(70) од Битола бидејќи истиот бил фатен при извршување на кражба од маркет. По документирање на настанот против М.Ф.ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.12.2024 година во 22.00 часот полициски службеници од ОВР Кавадарци го лишиле од слобода В.П.А.(34) од Кавадарци. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени: НН зелена растителна материја, НН бела прашкаста батерија, семки од растение, 47 таблети и НН грутчеста материја. В.П.А. бил задржан во полициска станица, известен бил јавен обвинител, и по документирање на настанот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.10.2024 година во 23 часот, на улицата „Јусуф Гарвала" во Дебар, лишени од слобода се А.И.(30), Б.Т.(32) и Е.С.(33) и А.Б.(33), сите од селото Требиште, општина Маврово Ростуше. При контрола и преглед во патничко возило „Опел" со гостиварски регистарски ознаки, полициските службеници пронашле и одзеле опојна дрога Марихуана, опаковка со бела прашкаста материја и една дробилка. По целосно документирање на настанот, против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 28.12.24 година во 22 часот, во угостителски објект лоциран на булеварот „Железничка" во Охрид, приведен е Т.Б.(35) од Охрид кој претходно, бил агресивен и со остар предмет во рака, упатил закани кон сопственикот на објектот. По целосно документирање на настанот против истиот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.12.2024 годива во 17.15 часот, полициски службеници од ПО-Галате го лишиле од слобода М.Р.(38) од село Врањовце, кој во семејната куќа физички ја нападнал неговата 65 годишна мајка, на којашто и нанел телесни повреди констатирани во Ургентниот центар во Гостивар. М.Р. е задржан во полициска станица и против него ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (29.12.) полициски службеници од ОВР Гостивар ги лишиле од слобода К.Д.(23), Ф.И.(23) и Д.Т.(24) тројцата од Гостивар кои биле пријавени дека околу 01.45 часот пред угостителски објект на улица „Гоце Делчев" во Гостивар го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна тепакча.Тие се задржани во полициска станица за расчистување на случајот и против нив ќе следува соодветен поднедок.

На 27.12.2024 година во 11.40 часот во ОВР Кавадарци било пријавено дека во Росоман во близина на игралиштето во помошна просторија (штала) бил пронајден починат М.С. (56), каде престојувал како бездомник. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт. Известен бил јавен обвинител, а увид извршила увидна екипа од ОВР Кавадарци. По наредба на јавен обвинител, телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 28.12.2024 година во 08.36 часот во СВР Скопје, Г. И. (59) од Кавадарци, пријавил дека во Дом за стари лица на подрачјето на Кисела Вода била пронајдена почината неговата мајка Ц.И.(82) од Кавадарци. По наредба на јавен обвинител телото на починатата било предадено на обдукција.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет